Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-79/1
13-01-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-558/1 од 31.10.2022 година, поднесена од [redacted] седиште на [redacted] Скопје преку полномошник [redacted] од Скопје со седиште на адвокатска канцеларија на [redacted] 1000 Скопје – Центар, со лиценца [redacted] против [redacted] за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа јавно информирање и медиуми на социјалната мрежа Facebook, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020 година) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, од страна на [redacted] кон бугарскиот народ.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 08-558/1 од 31.10.2022 година, од подносителот [redacted] Скопје преку полномошник [redacted] од Скопје за дискриминација врз основа на етничка припадност.

Согласно наводите од претставката, подносителот тврди дека потенцијалниот дискриминатор [redacted] во повеќе наврати односно на 10.09.2022, 20.09.2022 и 27.09.2022 на сопствената фан страна на Фејсбук, објавувал слики и постови со вознемирувачки содржини насочени кон бугарскиот народ.
Имено, подносителот на претставката објавил повеќе наслови за повеќе теми како што се:

1. "78 години НЕЗАВИСНОСТ?"-и под насловот вознемирувачка содржина:
https://www.facebook.com/profile/100044618371017/search/?q=78%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B8%20

2."КАДЕ СЕ СОКРИВА АКАДЕМИКОТ НА ЗАЈАКОТ"- со дел од текст "Гледам и на други "академски фаци" не им е јасно ЗОШТО НЕ на бугарските услови во ЕУ и особено ЗОШТО НЕ Бугари во Устав!" итн.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

https://www.facebook.com/profile/100044618371017/search/?q=%D0%9A%D0%90%D0%94%D0%95%20%D0%A1%D0%95%20%D0%A1%D0%9E%D0%9A%D0%A0%D0%98%D0%92%D0%90%20%D0%90%D0%9A%D0%90%D0%94%D0%95%D0%9C%D0%98%D0%9A%D0%9E%D0%A2%20

3.“Навивачи на МК-БГ Фудбал”
https://www.facebook.com/profile/100044618371017/search/?q=%D0%9D%D0%B0%D0%B2%D0%B8%D0%B2%D0%B0%D1%87%D0%B8%20%D0%BD%D0%B0%20%D0%9C%D0%9A-%D0%91%D0%93%20%D0%A4%D1%83%D0%B4%D0%B1%D0%B0%D0%BB

Во поднесената претставка е наведено дека лицето [redacted] сторил директна, повторена продолжена дискриминација во смисла на член 8 став 1, член 4 став и точка 11 и 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на потекло, национална и етничка припадност, конкретно кон граѓаните на Р.С. Македонија со бугарско национално самосознание, така што истиот ги дерогирал одредбите за заштита на основните човекови права и слободи загарантирани со Уставот на Р.С. Македонија кои се однесуваат на слободно изразување на националната и етничката припадност како што се: Европската конвенција за човекови права, Универзалната декларација за човекови права, Меѓународната повелба за граѓански и политички права и Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација на ООН.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24, став 7 во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 29.11.2022 година испрати Барање за изјаснување бр. 08-558/2 за произнесување по наводите на претставката до [redacted]. На 23.12.2022 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна Одговор на барањето за изјаснување од страна на потенцијалниот дискриминатор, заведен под архивски број 08-558/3.

Во одговорот, потенцијалниот дискриминатор наведува дека наводите во претставката со индигнација и во целост ги отфрла и останува на неговите лични и политички убедувања, како граѓанин на Македонија, етнички Македонец, професионалец, истражувач, автор, колумнист и на крај како политичар. [redacted] смета дека подносителот на претставка којшто се повикува на прекршување на член 8 став 1, член 4 став 11 и став 12 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, не навел каде потенцијалниот дискриминатор постапувал, во која постапка и во име на која институција, со која сторил дискриминација и без да прецизира како тоа има повторена дискриминација, која до сега не била констатирана од надлежен орган, или пак продолжена дискриминација, мислејќи дека во континуитет објавува историска вистина која не им се допаѓа на избугарените шовинисти, без да прецизира на кој начин таа воопшто настанала.

Во однос на наводите во претставката, потенцијалниот дискриминатор аргументирано тврди дека пријавата е бесмислена, бидејќи сите негови објави се историска вистина и негово лично убедување, кое ниту еден избугарен шовинист не може да ги оспори, па ниту има намера да се докажува со светски докажани фалсификатори, соработници со нацизам, болшевизам и типови кои живеат во 19ти век. [redacted] наведува дека според подносителите на

претставка, со своите написи што тој ги објавувал на ФБ, ги дерорирал одредбите за заштита на човековите права. Но тој смета дека не може да ги дерогира одредбите бидејќи не е институција која ги донесува, туку е физичко лице кое изнесува свое мислење. Тој смета дека неговото пишување не довело до помали права на овие избугарени шовинисти во однос на другите граѓани, ниту пак им ускратил можност да си ги практикуваат своите права. Наспроти на тоа, потенцијалниот дискриминатор смета дека постои очигледна намера од страна на подносителите на претставка за ограничување на правото на мислење и правото на изразување и посебно споделувањето на информации кои се од значење за Македонците од македонската етничка заедница. Во одговорот се негира секаков дискриминаторски и вознемирувачки однос кон подносителот на претставката и кон бугарскиот народ.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги разгледа наводите на двете страни во постапката и при своето постапување ги зема во предвид релевантната меѓународна и национална правна рамка во однос на слободата на говорот и изразување и вознемирувањето како вид на дискриминација.

Имено, „слободата на говор и изразување на мислата претставува основно човеково право кое има суштинска улога во остварувањето и заштитата на другите права. Можноста да се изрази мислењето и да се сподели информација претставува вредносен показател за демократскиот капацитет и институционалната поставеност на демократијата во општествата."[1]

Слободата на говор и изразување е заштитена со Универзалната Декларација на човекови права во член 19, Европската конвенција за човекови права во член 10 и Меѓународен пакт за граѓански и политички права во член 19.

Слободата на изразувањето се гарантира и во член 16 од Уставот на Република Северна Македонија. Член 16 Устав на Република Северна Македонија предвидува гарантирање на слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Се гарантира слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање. Се гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации. Се гарантира правото на одговор во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на исправка во средствата за јавно информирање. Се гарантира правото на заштита на изворот на информацијата во средствата за јавно информирање. Цензурата е забранета.

Ограничувањето на слободата на изразување доколку е предвидена во закон, може да се однесува на причините наведени во став 2 од член 10 од Европската конвенција за човекови права кои се: државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштита на редот и спречување на нереди и злосторства, заштитата на здравјето и моралот, угледот и правата на другите за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.[2]

[1] https://www.osce.org/files/f/documents/e/8/116610.pdf
[2] Ibid

Член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација предвидува дека вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Имајќи ги во предвид правните рамки и европските и светските стандарди, Комисијата се впушти во анализа на содржината на објавите на потенцијалниот дискриминатор. Во овој контекст, Комисијата констатира дека објавите, се однесуваат на коментари засновани на негово лично убедување и објави кои тој смета дека се историска вистина. Една објава е поврзана со приложување на слики од стари весници и списанија, додека пак една објава е поврзана со фудбалски натпревар меѓу МК-БГ на којшто тој присуствувал и коментари како се бодрела националната фудбалска репрезентација наспроти недоличните коментари и довикувања на бугарските навивачи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при анализа на горенаведените објави, не утврди вознемирувачки говор од страна на потенцијалниот дискриминатор. Комисијата смета дека слободата на говор и изразување на ставови е загарантирана како едно од основните човекови права. Оттука, Комисијата смета дека не е злоупотребена оваа слобода со тоа што потенцијалниот дискриминатор наведува историска вистина и негови лични убедувања .

Секој граѓанин има право да изразува мислење се` додека не го злоупотреби тоа право за да наштети на индивидуата или поголема група граѓани. Во оваа смисла, потенцијалниот дискриминатор користи иронија/сарказам како стилско изразно средство и сатира како книжевна форма со која се критикува исмејува личност, група, држава или власт.

Потенцијалниот дискриминатор во своите објави користи слободата на изразување за да даде свои ставови и да „испровоцира" одреден дискурс и наратив за кој Комисијата смета дека не е доволно за да биде исполнето битието на делото „вознемирување" согласно член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, како што е наведено погоре, правната рамка го дозволува слободното изразување и мисла се` додека е во границите на тоа слободата да не се злоупотреби во цели за нарушување на државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштита на редот и спречување на нереди и злосторства, заштитата на здравјето и моралот, угледот и правата на другите за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството. Во конкретниов случај Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека слободата на изразување не е злоупотребено од страна на потенцијалниот дискриминатор во однос на постигнување на горенаведените негативни цели кои во тој случај би значело ограничување на слободата на изразување. Следствено, постои легитимна цел преку која слободата на изразување се употребува во јавниот дискурс на македонското општество преку кое може да се формира одредено јавно мислење или да придонесе кон општествена дебата по различни прашања.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледување на претставката, достапните докази, како и на одговорот на претставката, утврди дека не можат да се најдат факти за извршено вознемирување врз основ на етничка припадност во конкретниот случај. Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk